**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр. 03-98**
**30.01. 2014 година**
**Скопје**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 6, став 1, алинеја 4, член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14) и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-581/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/16 од 29.01.2014 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, односно поради непочитување на законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и не почитување на обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување, од страна на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 5-та седница одржана на 29.01.2014 година донесе:

## Решение
## за преземање мерка

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 став 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), односно непочитување на законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и непочитување на обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е (по датум, опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-581/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

4. Ова решение е конечно.
Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по

барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на програмата/програмскиот сервис на ТРД „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, при што со помош на системот на мониторинг констатираше дека од страна на наведениот радиодифузер е извршена повреда на член 92 став 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14), на начин што не ја почитувал законската обврска за емитување најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и не ги почитувал обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување.

Повредата е специфицирана (по датум, опис на прекршување) во Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-581/1 од 29.01.2014 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, а врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 и член 152 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги и Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-581/1 од 29.01.2014 година, а во согласност со Заклучокот, бр.02-520/16 од 29.01.2014 година, поради констатираното непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 29.01.2014 година донесе решение, со кое кон ТРД „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, презема мерка – опомена.

Агенцијата му наложи на радиодифузерот, во рок од 90 (деведесет) дена од денот на донесувањето на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги. Исто така, по истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова решение, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, ова решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател,**

**Д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Извештајот од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година бр.10-581/1 од 29.01.2014 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво „КАНАЛ 5" ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Ул 1.

*Изработила: Билјана П. Парлеева*
*Одобрила: Цветанка Митревска*

# ИЗВЕШТАЈ

**од вонредниот надзор на програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

1. **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот од 13 до 19 јануари 2014 година, е констатирано дека ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, не ја почитува законската обврска да емитува најмалку 8 часа вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик во текот на неделата и не ги почитува обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување. Во анализираната недела емитуваше вкупно **7 часа 49 минути и 11 секунди** вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Забавната музика беше застапена со 48 минути и 13 секунди, односно **10%**, а народната музика со 7 часа и 58 секунди, односно **90%**. Од неа во периодот од 07.00 до 19.00 часот, се емитувани вкупно **3 часа 41 минута и 34 секунди.**

***Опис на прекршувањето:***

Програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, во периодот од 13 до 19 јануари 2014 година, не ја почитува законската обврска да емитува најмалку 8 часа во текот на неделата вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и не ги почитува обврските за процентуалната распределба на емитуваната музика и за периодот на нејзино емитување, **што е спротивно на член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**